**СТОМАТОЛОШКА КОМОРА НА МАКЕДОНИЈА**

**MACEDONIAN DENTAL CHAMBER**

---

**ул.**Антон Попов бр.1/4-5 Скопје

(02) 3246 851 3246 852

31.10.2018 год.

**Прима :**

**Фонд за здравствено осигурување на РМ**

**-Директори : - Г. Дон Дончев**

**- Г. Орхан Рамадани**

**Предмет :** 1) Договори за стоматологија

2) Барање за средба меѓу Стоматолошка комора на Македонија и ФЗОМ

Почитувани,

Стоматолошката комора на Македонија ја почитува заложбата заедно со ФЗОМ на отворените средби и разговори да се разговара за проблемите поврзани со стоматолошкиот здравствен сектор. Проблемите постојат и со нивно решавање секако дека ќе има бенифит за сите, додека нивно игнорирање нема да ги направи да ги нема ниту пак тие сами ќе се решат.

Во таа смисла, а со цел да се изнајдат решенија за тековните проблеми на докторите по стоматологија кои имаат склучено договор со ФЗОМ од примарно и од секундарно ниво, досега имавме реализирано само еден заеднички состанок кој требаше да продолжи, согласно договореното, на почеток од октомври кога требаше да се дискутира за конкретните барања и сугестии кои веќе Ви беа пренесени на првиот состанок како и со дописот што тогаш повторно Ви го пративме по реализираната средба.

Но, иако месец октомври истече , не само што нема најава за нов состанок меѓу Комората и Фондот, туку со изненадување ја примивме информацијата дека Вие како менаџерски тим сте донеле одлука дека нема никаква потреба за разговор со нас - со Стоматолошка комора на Македонија .

Што е уште полошо , во меѓувреме , од Вас - ФЗОМ ги добивме на разгледување„ новите„ Договори за обезбедување и плаќање на здравствени услуги во примарна стоматолошка здравствена заштита и Договорите за пружање и плаќање здравствени услуги во специјалистичко-консултативната стоматолошка здравствена заштита, како и одговор дека за сите други работи за кои се разговараше ( дури и оние за кои Вие инициравте потреба од решение) се уште нема никаков став.

**Со надеж дека информации за немање потреба од средба и разговор(и) се погрешно пренесени и не се точни, сепак Ви даваме кратко објаснување за неопходноста од средбата:**

- По однос на договорите сакаме да потенцираме дека како што и претпоставивме добивме работни верзии на договори во кои постојат суштински недостатоци бидејќи нашиот став е дека договорите се правени врз основа на договори за општа медицина, а не за стоматологија и поради тоа што стоматолгијата има свои специфики кои воопшто не се земени предвид.
- Затоа, раковотството на Стоматолошка комора на Македонија инсистира на средба со менаџерскиот тим и Правната служба на Фондот за здравствено осигурување на кој темелно и аргументирано ќе се разгледаат и корегираат воочените недостатоци.

Сакаме само да Ви посочиме на дел од нелогичнсти кои ги забележавме при прво читање на пратените верзии , и тоа :

На пр. РЕЧИСИ СЕКАДЕ СТОИ ОПШТА МЕДИЦИНА ИЛИ ЛЕКАРСКИ ТИМ , А НЕ СЕ СПОМНУВА СТОМАТОЛОГИЈА; СТОМАТОЛОГ ИТН

**Член 3** .......економична ...ефикасна примарна здравствена заштита –

-------медицина базирана на доказ .............

**Член 13** ....

"Прегледот, дијагностичките постапки и анестезијата, кај избраниот лекар не се наплатуваат"; ( се прашуваме дали некој воопшто ја анализирал оваа реченица и нејзина примена во општа стоматолошка ординација и за какви дијагностички постапки и каква анестезија се мисли и се работи)?!

Или уште еднаш се повторува **Прегледот, дијагностичките постапки и анестезијата при сите терапевтски процедури кои ги врши избраниот лекар не се наплатуваат на осигурените лица**; ?????

**Или член 14**

**Избраниот лекар и лекарот замена е должен да ги информира осигурените лица за лековите за кои Фондот има утврдена референтна цена, односно за можноста да користат лек од Листата на лекови кои паѓаат на товар на Фондот кои се без доплата. Списокот на лекови без доплата избраниот лекар е должен да го испечати минимум на А3 формат, преземен од веб страницата на Фондот и да го истакне на видно место.** ???????

**<u>или 15 каде стои</u>**

**Член 15**

**Избраниот лекар за итни постапки е должен да располага со лекови во количина од најмалку три ампули, дадени по генерички имиња во прилог А-1 на договорот, кој е истакнат на веб страната на Фондот, и да обезбеди услови за соодветно чување??**

**Терапија за ургентни состојби, избраниот лекар треба да ја поседува и аплицира во целост без да бара од осигреникот да ја набави со сопствени средства кои дополнитено ќе ги побарува како рефундација од Фондот. ????**

**Средствата за набавка на терапија за ургентни состојби се пресметани во делот на основна капитација. ???**

**Дефицитарност на лек од терапија за ургентни состојби, се потврдува со објава од страна на Агенцијата за лекови и медицински средства-МАЛМЕД за општа дефицитарност за одреден лек на ниво на РМ.?????????**

**Избраниот лекар е должен да води евиденција за ампуларната терапија со која располага.???**

**ИЛИ, која е врската со општа стоматологија член 23 ( со болд)**

Фондот врши контрола на здравствените установи и **<u>правните лица кои вршат изработка, издавање и сервисирање на ортопедски и други помагала со кои има склучено договор во однос на примена на општите акти на Фондот,</u>** исполнување на обврските од договорот со Фондот, договорениот вид и обем на здравствени услуги, **<u>медицинската документација поврзана со укажаните здравствени услуги, примена на медицината базирана на докази</u> и** примена на критериумите за оцената за привремена спреченост за работа.

**Или пак член 30 , став 2 и 4 и да не набројуваме понатаму.**

<u>Ова е само дел и сме многу сериозни кога го истакнуваме нашето барање за итна , неоходна и неминовна средба на која договорите се само дел од она за кое треба да се разговара .</u>

<u>И пак мора да се повториме дека не сакаме да веруваме на информацијата дека **менаџерскиот тим донел одлука дека воопшто не треба да разговара со Комората** по однос на договорите што би претставувало **вистински преседан** што не се случил од 2005 година , а поготово во овој момент **кога се склучуваат договори за наредните 4-5 години**.</u>

Почитувани, тенденцијата на Стоматолошка комора е проблемите во стоматолошката здравствена заштита, во делокругот на фондовското работење, да се намалуваат.

Со секое одлагање и избегнивање на дискусите и барања на решенија за нивно надминување, проблемите стануваат се поголеми и понерешливи.

Се надеваме дека Вие како менаџерски тим ја сфаќате суштината – а тоа е дека договорите и проблемите на членството на Комората кои имаат и треба да ги продолжат договорите со Фондот за здравство, не се само во надлежност на ФЗОМ туку и на стоматолозите, кои ние како Комора ги претставуваме .

Со надеж дека ќе наидеме на ваше разбирање.

Срдечно,

Стоматолошка комора на Македонија

Претседател

Д-р Маријан Денковски

*Во прилог ви ја доставуваме првичната писмена електронска верзија на забелешките по однос на договорите со ФЗОМ за примарна дејност за кои бараме објаснување од Вашиот правен сектор , а дополнително ќе се погрижиме да ги добиете електронски сите наши забелешки и за примарна и за специјалистичка стоматологија во најкраток можен рок.